**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-777/**

# З А П И С Н И К

**Од 136-та седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 09.02.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-претседател на Надзорен одбор на МРТ, Ајтен Власаку Мехмети-Директор на Македонско радио и Емилија Николова Христовска-раководител на одделение за финансии.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата,136-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 12:30 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 135-та седница на Програмскиот совет на МРТ.
2. Разгледување на Стартегија за управување со ризик на ЈРП МРТ.
3. Разгледување на Известување од Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА со бр.13-5924/1 од 30.12.2021 година
4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 135-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ го стави на разгледување записникот од 135-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 135-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 135-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2: Разгледување на Стартегија за управување со ризик на ЈРП МРТ.**
Емилија Николова Христовска-раководител на одделение за финансии даде воведно излагање и го објасни документот и притоа истакна дека Македонската Радио Телевизија, согласно член 104, став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Македонија, што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси согласно со член 107 од овој Закон, и според истиот преку исполнување на програмски обврски, стандарди и начела согласно со членовите 91, 92, 110 и 111.Согласно член 15 пак, од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола „Управувањето со ризик опфаќа утврдување, процена и контрола на можните настани или состојби кои може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите на субјектот заради обезбедување разумно уверување дека целите ќе бидат остварени“.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ обајсни дека Надозрниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа документот и оцени дека е за поздравување самиот факт што е изготвен и ќе биде усвоен еден ваков документ бидејќи до сега не бил донесен во МРТ,и даде свои сугестии по материјалот.
Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по разгледувањето на Стартегија за управување со ризик на ЈРП МРТ,предложи службите од одделението за финансии во МРТ да постапат по сугестиите од Надзорниот одбор на МРТ, и по постапувањето како финален документ повторно да биде доставен до Програмскиот совет на МРТ на усвојување.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Известување од Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА со бр.13-5924/1 од 30.12.2021 година.**
Пред присутните беше доставено на разгледување Известување од Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА со бр.13-5924/1 во кое беа наведени проблемите со кои се соочува новиот четврти програмски сервис на МРА.
Директорката на Македонско радио Ајтен Власаку Мехмети истакна дека во врска со воведување на 24 часовна програма на Третиот Програмски Сервис и формирање на Четвртиот Програмски Сервис на МРА, по предмет-известување со архивски број 5925/1 од одговорниот уредник на Трет Програмски Сервис на МРА, Аки Мустафи, информираше дека Македонска Радио Телевизија (Македонско Радио), повикувајќи се на Законот за Аудио и Аудиовизуелни Медиумски Услуги, објавен на службен весник бр 248 на ден 31.12.2018 год, член 107 точка 2, има реализирано неколку средби и испратила дописи до сите институции кои се надлежни за реализација на законската одредба.
Директорката Ајтен во прилог пред присутните членови ги достави и дописите кои што ја потврдуваат редовната и темелна коресподенција во врска со реализирањето на законската одредба:
-Барање до МРД за овозможување емитување на нов програмски сервис на Македонско Радио. со арх број 13-583/1, на 30.01.2019 год
-Барање на МРД до АЕК за доделување на начела согласност за користење на радиофреквенции за емитување на четврт програмски сервис на Македонско Радио, со арх број 03-31011, од 01.03. 2019 год.
-Известување на АЕК по барање на МРТ и МРД.

-Записник од состанок на техничките лица на Македонско Радио и ЈПМакедонска Радиодифузија, состанок на 25.01.2019 год, арх број 13-274/2.
-План и анализа за нов програмски сервис на МРА од 06. 03. 2019, со арх број 13- 389/2
-Барање до Министерот за информатичко општество за свикување на состанок за применување на законска одредба, на 24.12.2020 год, арх број 03-5817/1.

Членовите на Програмскиот совет на МРТ ја разгледаа Информацијата на Директорката на Македонско радио Ајтен Власаку Мехмети и по расправата го предложија следниов Заклучок:

•Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ и Директорката на МРА да организираат состанок со АЕК (Агенција за електронски комуникации) и МРД (Македонска Радиодифузија), и да се координира работата со сите засегнати институции за изнаоѓање на решение за проблемот со Четвртиот програмски сервис на МРА, за исполнување на основните законски обврски за функционирање на сервисот.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По оваа точка пред присутните членови беше доставена Информација од Одговорниот уредник на Вториот Програмски сервис на МТВ Мигена Горенца по Заклучок на Програмскиот совет на МРТ, а по однос на исполнување на законската обврска на МТВ2 прозилезена од член 92 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Мигена во Информацијата објаснува дека МТВ 2-Програмата на албански јазик, емитува воглавно изворно создадена програма на албански јазик, пополнувајки и со купена филмска и документарна програма-главно на англиски но и на еврпоски автори (кои се купуваат за потребите и на двете програми МТВ1 и МТВ2, со превод на албански,и дека со емисиите произведени од новинарите на МТВ2, секако дека ја исполнуваме законската обврска од член 92 Законот за ААВМУ.
Членот Анита Латифи истакан дека од ова што го читаме не ми е многу јасно дали сме го добиле одговорот бидејќи тука повеќе е наративно искажано, и тоа што уредничката го кажува кога е присутна на седници,не можам да го видам тука во Информацијата која ја испратила до Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател